Во соработка со

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА ПАРИ

## ПРОЕКТ ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

Глобална недела на пари 2014 година (GLOBAL MONEY WEEK) во организација на Меѓународната организација за финансиска едукација на деца и млади (CHILD AND YOUTH FINANCE INTERNATIONAL)




GLOBAL MONEY WEEK

Child&Youth Finance International

Глобалната недела на пари годинава се одржува во втората недела од март, односно од 10 до 17 март.

Во 2013 година, со активностите организирани во име на „Глобалната недела на пари“, учествуваа повеќе од 1 милион деца од над 80 земји.

Оваа година се очекува да учествуваат двојно повеќе деца, односно 2 милиони од над 100 земји од светот, а активностите ќе бидат организирани од страна на над 500 институции и организации.

## Активности на Народна банка на РМ



Во однос на Проектот за финансиска едукација, што постои од 2012 година, Народната банка на Република Македонија и оваа година организира активности во основните училишта низ Републиката. Активностите опфаќаат посета на сите заинтересирани училишта и одржување на еден училиштен интерактивен час на кој учениците се запознаваат со теми поврзани со парите и со штедењето, како и со други теми од областа на финансиската едукација.

Активностите се веќе започнати, бидејќи Народната банка реши да ги организира во период од еден месец. Досега, како дел од оваа програма, бевме во посета на неколку училишта од Скопје: „Круме Кепески“, „11 Октомври“, „Кочо Рацин“, „Страшо Пинџур“ и други.



**Ги покануваме сите заинтересирани основни училишта да нè побараат на телефонскиот број 02/3108-400 доколку сакаат да ги посетат вработените од Народната банка на Република Македонија и да одржат интерактивен час од областа на финансиската едукација.**